**Предмет: Покана**

Почитувани,

Ја имаме честа да Ве поканиме на последната презентација од проектот „Мониторинг на лидерство 2" кој го покрива периодот мај 2010 – август 2010. Овој извештај, воедно, претставува заокружување на вториот циклус на проектот Мониторинг на лидерство спроведен од страна на Институтот ОХРИД во временски рамки од септември 2008 – август 2010 година.

Проектот **„Мониторинг на Лидерство 2"** вклучува детални извештаи за активностите на Владата, наспроти активностите што се предвидени во нејзината Програма за работа во тековниот мандатен период. Извештаите се стремат да и дадат јасна слика на пошироката јавност за планираните, остварените и неостварените реформски активности на Владата, преку мониторинг што е базиран на реализирани активности, со конструктивна и компаративна анализа на 10 области од општествено – економскиот живот: **финансиски систем (фискална и монетарна политика), надворешно - трговски систем, трговија, индустрија и инвестиции, социјална политика, образование, земјоделство, надворешна политика, внатрешна политика, здравство, транспорт и градежништво.**

**Презентацијата ќе се одржи во Холидеј Ин, сала Милениум 1 на 25 октомври 2010 година (понеделник) со почеток во 12:00 часот.**

Ве молиме за **задолжителна потврда** на Вашето присуство на тел/факс: 02/ 322 44 57 или на e-mail: info@oi.org.mk.

**Со почит,**

М-р Билјана Јанева
Извршен директор

Професор д-р Томе Неновски
Раководител на проектот

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk